Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 104/2
Датум: 31 -01- 2025

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 104/1 од 17.1.2024 година поднесена од [redacted] против Владата на Република Северна Македонија, а врз основа на национална или етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на ден 30.1.2025 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 104/1 од 17.1.2024 година, поднесена од [redacted] против Владата на Република Северна Македонија врз основа на национална или етничка припадност, **поради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 17.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 104/1, поднесена од [redacted]

Подносителот на претставката најпрвин наведува дека е пратеник во Собранието на Република Северна Македонија. Тој тврди дека постои системска и институционална дискриминација врз турската заедница при пристапот до највисоките позиции во извршната власт. Понатаму, подносителот наведува дека истото не бил изолиран случај, туку претставувало резултат на континуирана практика која создавала сериозни последици за остварување на уставно загарантираните права на турската заедница. Во таа насока, наведено е дека и покрај тоа што турската заедница со претставува 3,86% од вкупното население и е трета по големина етничка заедница во државата, била целосно исклучена од највисоките 64 позиции во извршната власт - 24 министри, 20 заменици министри и 20 државни секретари. Од друга страна, помалите заедници со вкупна застапеност од 3,83% имале пет високи функции – потпретседател на влада, министер, двајца заменици министри и еден државен секретар. Подносителот смета дека во случајот има директна, индиректна, системска и институционална дискриминација. Во продолжение, подносителот на претставката се повикува на праксата на Европскиот суд за човекови права, поточно на случаевите *Сејдиќ и Финци против Босна и Херцеговина*, *Д.Х. против Чешка* и *Хорват против Хрватска*. Во смисла на сето наведено, подносителот тврди истото има институционални и економски последици, како и социјални и културни импликации врз турската заедница.

**По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, претставката се однесува на прашања поврзани со изборот и именувањето на високи функционери во извршната власт, што претставува уставно уредена материја и дел од политичкиот систем на Република Северна Македонија. Имено, назначувањето на министри, заменици министри и државни секретари се врши согласно Уставот и Законот за Владата и е резултат на политички процеси и договори, кои се надвор од рамката на надлежности на Комисијата, утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Подносителот може да се**

**обрати до Народниот правобранител кој согласно член 11-б од Законот за Народниот правобранител обезбедува посебна заштита и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт.**

Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дефинира дискриминацијата како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други...*

**Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката поради ненадлежност.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- [redacted]